


# Baumit KlimaDekor

## Клима производи за внатрешна примена



- **Ја регулира влагата во просторијата**
- **За фино структурирани површини**
- **Брзо и едноставно вградување**

**Производ** Минерален паропропусен природно бел тенкослоен завршен малтер на варова база. Може да се тонира во нијанси по Baumit Life 8-9.

**Состав** Вар, вода, минерално полнило, органски врзива, адитиви.

**Својства** Ја регулира внатрешната клима, високо паропропусен, без емисија, растворувачи и конзерванси (во E.L.F. квалитет). Можност за нијансирање во Life нијансите на Баумит.

**Апплицирање** За изработка на завршни малтери на внатрешни површини. Прикладно за зидни и тавански површини.

**Облик на испорака** Канта 25 кг

**Складирање** На суво, на дрвени палети 12 месеци

**Гаранција за квалитет** Внатрешен надзор преку нашите фабрички лаборатории

**Класификација според Законот за хемиски супстанции** Деталната класификација по законот за хемикалии можете да ги видите во безбедносниот лист со податоците за сигурност на материјалот (во склад со членот 31 и прилогот II одредба бр. 1907/2006 Европскиот Парламент и совет од 18.12.2006.) кој може да се превземе на страната www.baumit.com или да го побарате во Баумит.

**Подлога** Подлога: Подлогата мора да биде носива, чиста, сува, одмрзната, без прашина, впивлива, без исцветување и неврзани честички (мора да бидат задоволени соодветните стандарди, пр. ÖNORM B 2259, B 6400, B 3345 и B 3346).

Соодветни подлоги:
- варово и варово-цементни малтери
- гипсани малтери
- бетон
- гипсани плочи"
- добро врзани минерални, силикатни, дисперзивни бои и малтери, како и израмнувачки маси

Несоодветни подлоги:
- пластика и смола
- лакови и мрсни премази
- дрво

**Подготовка на подлогата** Пред нанесување, подлогата мора претходно да биде обработена:
- силно или нерамномерно впивливите површини да се изедначат со Baumit KlimaPrimer
- синтер слојот механички да се отстрани
- остатокот од средства за одвојување на оплатата на бетонот да се одстранат со жечка пареа или со средство за таа намена
- извалканите површини да се исчистат со Baumit ReClean
- оштетените и премазите со лоша атхезија механички да се одстранат
- оштетените минерални површини, односно површините со покнатини да се обработат со маса за измазнување и евентуално да се армираат со ( Baumit StarTex)


Baumit Dooel
MK-1000 Skopje, Ul. Jadranska Magistrala 165 - www.baumit.mk - info@baumit.mk

| | |
|---|---|
| **Обработка** | Baumit KlimaDekor може да се нанесува после 24 часа од нанесување на Baumit KlimaPrimer.<br>Содржината на кантата темелно промешајте ја со миксер.<br>Густината може да се прилагодува со додавање на мала количина на чиста вода.<br>Нанесете го малтерот на целата површина со глетарка од нерѓосувачки челик или со соодветен уред за нанесување. Нанесете го малтерот до дебелина на зрно и веднаш потоа обработете го со пластична глетарка. Не се додава други премази. Се работи рамномерно и без прекини. |
| **Напомени и општи информации** | Температурата на воздухот, подлогата и материјалот мораат за време на нанесувањето и поставувањето да бидат min. + 5ºC до maks. + 30°C.<br>За нови варово-цементни темелни малтери со дебелина до 10 мм време на карбонизација мин 2-3 недели. Секој нареден см дебелина го продолжува времето за 10 дена.<br>Големата влажност и ниските температури можат значително да го продолжат времето на стврснување. Кога користите различни шаржи, кантите треба да се промешаат.<br>Песокот кој се користи за производство на Baumit KlimaDekor е од природно потекло, што може да дојде до појава на по некои темни зрна во производот.<br>Мерки на внимание: Следете ги насоките во сигурносниот лист.<br>Чистење: Очите, кожата и околината на работните површини, посебно стакло, керамика, клинкер и лакирани површини, како и површини од метал и природен камен мораат да бидат заштитени. Измијте ги дамките со многу вода и не чекајте да се исушат. Алатот и машините исчистите ги со вода веднаш после употребата.<br>Следете ги насоките во техничкиот лист и по потреба припремите пробна површина. |

Писмените и усните препораки за технологијата на аплицирање дадени од нас за да му помогнат на продавачот/ апликаторот се засновани на нашето искуство и ја рефлектираат моменталната состојба на техниката во науката и практичната примена на знаењето. Сепак, се подразбира дека овие препораки не се обврзувачки. Тие не создаваат никакви правни односи или какви било дополнителни обврски во врска со договорот за продажба. Тие не го ослободуваат купувачот од обврската да ја провери соодветноста на нашите производи за предвидената намена или за сопствена употреба.



Baumit Dooel
MK-1000 Skopje, Ul. Jadranska Magistrala 165 - www.baumit.mk - info@baumit.mk